ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА **ЕКО-СВЕСТ**
Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

# Отворен повик за вработување на координатор за поддршка на заедниците

Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест од Скопје објавува повик за ангажирање на координатор за поддршка на заедниците.

Повикот е отворен од 18.05.2021 година за сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат барањата од повикот и ќе ги поднесат следните документи:

- Биографија (CV);
- Три референци;
- Мотивациско писмо и
- Резултати од тест за личноста.

Позицијата е за 1 лице кое ќе ги задоволи барањата од повикот.

## Прашања во врска со повикот

Сите прашања во врска со повикот може да се поставaт на следната електронска адреса: stojan@ekosvest.com.mk најдоцна до 25.05.2021 година.

## Пријава за повикот

Сите кандидати треба бараната документација да ја пратат најдоцна до 30.05.2021 година до 16:00 часот на следната електронска адреса: stojan@ekosvest.com.mk.

Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

# Барања на повикот

## Општо за организацијата

Еко-свест е здружение на граѓани основано на 18.09.2002 година. Во 2008 година, Еко-свест го менува својот назив во „Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест“ со цел најдобро да ја отслика својата дејност, мисија и визија.

Главната цел за формирањето на здружениeто лежи во потребата да се зголеми јавната свест за неопходноста од грижа за животната средина во Македонија, преку информирање, едуцирање и застапување.

Еко-свест од самиот почеток работи на темите тесно поврзани со заштитата на животната средина и тоа:

- одржлив транспорт;
- обновливи енергетски извори и енергетска ефикасност;
- одржливо управување со отпадот;
- заштита од хемикалии и тешки метали;
- заштита од генетски модифицирани организми.

Како хоризонтални прашања кои ги тангира организацијата, но и нејзини главни определби се информирањето на едукацијата на граѓаните во Македонија, учеството на јавноста во донесувањето одлуки од област на животната средина, транспарентното и отчетното работење на јавните институции, јавни пари за јавни придобивки, пристап до правда во област на заштита на животната средина.

Во својата работа, Еко-свест спроведува проекти, јавни кампањи, застапува одредени ставови поврзани со проблематиката и генерално информира врз база на спроведени анализи, истражувања и анкети.

Во своето досегашно работење, Еко-свест има спроведено над 60 проекти во Македонија и регионот.

Мисијата на Еко-свест е да истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина.

Еко-свест поддржува и поттикнува граѓанска свесност и активно учество и промовира практични решенија во соработка со организации и институции.

Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и во хармонија со животната средина.

## Квалификации и искуство

Кандидатот треба да поседува универзитетска диплома (дипломски студии или повисоко) во областите на природните или техничките науки.

Да има минимум 3 годишно искуство во работење на слична позиција и истото може да се потврди преку биографијата и/или референците.

Потребно е да има одлични организаторски способности, способност за тимска работа и работа со крајни рокови.

Познавање на Англиски јазик е задолжително, како и работа на компјутери. Познавање на албански јазик ќе се смета за предност.

Да поседува извонредни комуникациски вештини (за орална и писмена комуникација) и способност за работа под притисок.

Да поседува техничка писменост и способност брзо да учи и да се надоградува.

Да има желба да патува и да работи на терен, освен во канцеларија.

Да поседува возачка дозвола Б категорија.

## Работни задачи

- Кандидатот треба да анализира техничка документација (студии, анализи, извештаи, планови, проекти), закони, стратегии и други документи за потребите на кампањите на организацијата и информациите од овие анализи да ги комуницира со низа засегнати страни- владини тела, локални заедници, граѓански сектор, бизнис сектор и други);
- Да остварува и одржува контакт со локални заедници каде работи и делува Еко-свест со цел нивна поддршка во заштитата на животната средина;
- Да остварува и одржува контакт со експерти од различни полиња на делување;
- Да се обраќа во јавноста преку локалните и националните медиуми за потребите на активностите на Еко-свест;
- Да спроведува проектни и програмски активности на Еко-свест;
- Да раководи со буџети и придружна администрација;
- Да ги почитува политиките на Еко-свест.

## Позиција

Позицијата за која се бара лицето е координатор за поддршка на заедниците (1 лице). За лицето ќе биде обезбедена соодветна дополнителна обука за работа во граѓанска организација и на темата на кампањата. Лицето ќе биде вработено со полно работно време од 40 часа неделно. Пробен период од 3 месеци може да биде применет во зависност од избраниот кандидат.

## Потребни документи

- Биографија (CV);
- Три референци (односно контакт податоци на три лица/организации кои можат да го препорачаат кандидатот);
- Мотивациско писмо, и
- Резултати од тест за личноста кој треба да се пополни на https://www.16personalities.com/free-personality-test

## Прашања во врска со повикот

Сите прашања во врска со повикот може да се поставаат на следната електронска адреса: stojan@ekosvest.com.mk најдоцна до 25.05.2021 година.

## Пријава за повикот

Сите кандидати треба бараната документација да ја пратат најдоцна до 30.05.2021 година до 16:00 часот на следната електронска адреса: stojan@ekosvest.com.mk со наслов на пораката: Пријава за координатор за поддршка на заедниците.

Сите поднесени документи во дадениот рок ќе бидат разгледани а нај соодветните кандидати ќе бидат повикани на разговор и тестирање. Поради ковид мерките, разговорите ќе бидат реализирани преку платформата Zoom. Ќе бидат контактирани само кандидатите кои биле избрани за разговор.